Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

ДО:
ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС - СКОПЈЕ
Ул.Митрополит Теодосиј Гологанов, 1000 Скопје

Архивски бр. 08/1-4325/2
Дата: 06.08.2018.
Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

**бул.„Св.Кирил и Методиј" бр.54**
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

**ПРЕДМЕТ**:Известување

Почитувани,

На вториот од серијата „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации:Борба против корупција", од Ваша страна до Владата на Република Македонија доставена е иницијатива за соработка при прибирање на информации од јавните претпријатија. Со иницијативата се предлага прибирање податоци од Јавните претпријатија и независните регулаторни тела во поглед на луѓето кои раководат и правилата и процедурите кои се применуваат за добро управување со институциите и намалување на ризиците за корупција и клиентелизам, со цел создавање на алатка за наблудување и оценување на институциите при управувачките ризици.

Во поглед на доставената иницијатива, Министерството за информатичко општество и администрација (во понатамошниот текст МИОА) од аспект на својата надлежност утврдена со Законот за организација и работа на органите на државната управа, Ве известува за следното:

Согласно член 18 од Законот за вработените во јавниот сектор сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) „Заради единствено и квалитетно управување со човечките ресурси на ниво на институција, односно на ниво на јавен сектор, се воспоставува Регистар на вработените во јавниот сектор , кој преку информационен систем за управување со човечки ресурси го воспоставува и во електронска форма го води Министерството за информатичко општество и администрација". Регистарот, покрај податоците за вработените од јавниот сектор, содржи и податоци во врска со статусот, називот, надлежноста, односно дејноста,

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]

седиштето, организациската структура, работните места и други податоци во врска со институциите на јавниот сектор.

Согласно погоре наведената одредба, Ве известуваме дека **МИОА не води евиденција на раководни лица**. Обврската за водење на регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал, согласно член 35-а од Законот за спречување на корупцијата е во надлежност на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во насока на јакнење на принципите за добро владеење кај избрани и именувани лица, , Ве известуваме дека Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.03.2018 година, усвои „Насоки за добро управување на избрани и именувани лица од извршната власт".

Врз основа на претходноизнесеното, Ве известуваме дека сметаме дека Вашата иницијатива е релевантна, но МИОА не е надлежна институција за реализација на истата.

Со почит,

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
М-р. Јахи Јахија

подготвил
**Петар Богучевски**
Одобрил/согласен
Кристина Димовска

Архивски бр. ________
Дата:
Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

**бул.„Св.Кирил и Методиј" бр.54**
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3200 870
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk